# Рекордни цени на горивата - од ноќеска бензинот и дизелот поскапи за 3 денари



**Со одлуката се врши зголемување на рафинериските и на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 5,56, односно за 4,14 отсто.**

Бензините и дизелот од ноќеска на полноќ поскапуваат за три денари по литар, одлучи денеска Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ).

Со одлуката се врши зголемување на рафинериските и на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 5,56, односно за 4,14 отсто.

Новата малопродажна цена на ЕУРОСУПЕР БС-95 ќе изнесува 84, на ЕУРОСУПЕР БС-98 85,50, а на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е В) 74,50 денари за литар. Малопродажната цена на Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се зголемува за 2,50 денари за литар и ќе чини 63 денари за литар.

**Со одлуката на РКЕ за 2,173 денари за килограм се зголемува и малопродажната цена на мазутот М-1 НС, кој сега ќе се продава за 47,934 денари за килограм.**

**Како причина за зголемувањето на цените на нафтените деривати од РКЕ ги посочуваат за 6,54 отсто повисоката цена на суровата нафта на светскиот пазар во изминатите две недели и за 0,42 отсто понискиот курс на доларот во однос на денарот**